# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Борозан, Неждет Мустафа, Ристе Бислимовски, Трифун Костовски, Емилија Костадинова, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Цветанка Иванова, Наташа Биковска, Рафет Муминовиќ, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев, Ѓорѓи Оровчанец, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Љупчо Балковски, Стојан Андов, Али Ахмети, Талат Џафери и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Во салата се присутни 52 пратеници.

Молам сите пратеници што се надвор од салата да дојдат на седница.

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Пратениците кои што се излезени, а беа тука ги молам да влезат.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, мислам дека имаме 61 пратеник, но тоа да го провериме со притиснување на едно од копчињата на системот за гласање.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратениците на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, претседателот на Основниот суд во Штип, Генералниот директот на ЈП Македонска радио телевизија.

Пратениците Слободан Најдовски, Томе Тромбев и Борче Петковски, предлатаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за приватизационата постапка на ПОС-АИК “Лозар” - Битола.

Информација Ви е доставена.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Има збор господинот Слободан Најдовски.

Ве молам да бидете пократеки, да ја образложите само итноста.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Еве ќе го прифатам барањето на претседателот само во неколку реченици да образложам.

Согласно член 66 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија бараме дневниот ред на оваа седница да биде дополнет со една точка на дневен ред  Информација за приватизационата постапка на ПОС-АИК “Лозар” - Битола. За таа цел ние како предлагачи, јас колегата Томе Тромбев и пратеникот колега Борче Петковски ви доставивме една информација со доста обемен материјал. Во текот на расправата се надевам дека ќе стигнеме уште некои додатни материјали да ви ги доставиме по однос на оваа информација. Работевме еден подолг период со оглед на тоа што се работеше навистина за еден комплексен случај, затоа што се работеше за прибирање на одредени документи.

Вас како и на целата македонска јавност ви е доволно познато што се случува и како се случуваше околу приватизацијатањ на “Лозар” - Битола, бидејќи трае подолго време во Република Македонија за да финишира со извршување на 24 април оваа година. Ние предлагачите на оваа Информација сметаме дека Собранието на Република Македонија треба да расправа за оваа Информација бидејќи како пратеници имаме обврска да ја согледаме и контролираме работата на одредени институции и органи кои што директно или индиректно ги бираме и да бараме отчет

како ги извршуваат своите работи, односно сакаме преку оваа Информација да видиме како функционирале одредени институции во системот во Република Македонија.

Не би сакал во оваа прилика подетално да ја образложувам оваа информација затоа што ќе имаме прилика доколку усвоиме да биде точка на дневен ред навистина можеме да имаме една обемна и плодна дискусија по оваа точка на дневен ред.

На крајот би сакал да напоменам дека паралелно со оваа информација како точка на дневен ред на денешната седница поднесовме и барање за истата информација, истиот материјал за наредна седница доколку не биде прифатена да расправаме на денешната расправа, така да обавезно ќе мораме да ја имаме на наредната седница, но доколку биде прифатен предлогот расправата по оваа точка да биде на денешната седница ние како пратеници ќе ја повлечеме информацијата што е предложена за наредната седница.

Јас би ве замолил и би апелирал со оглед на состојбите кои беа актуелни во изминатиот период да го прифатиме предлогот оваа точка да биде на дневен ред на денешната седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратениците Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Некои пратеници бараат збор процедурално)

Нема процедурално, да гласаме, па после ќе ви дадам збор процедурално.

Гласале вкупно 57 пратеници. 50 гласале за, 1 воздржан и 6 против.

Во салата се присутни, бидејќи доста дојдоа дополнително, службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

За време на гласањето дојде уште еден пратеник, и во салата беа присутни 71 пратеник.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Повелете господине процедурално.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Бидејќи прашањето за кое сакав да интервенирам се однесува токму за оваа информација мислам дека сега не е за дискусија, или без ефект да дискутираме процедурално.

За Парламентот не е добро да влезе во политизација на прашањата за кои се надлежни соодветните органи во Македонија и Парламентот да се занимава со проблемите на приватизацијата, дали се во ред или не се во ред. Значи од правен аспект дали работи судството во ред или не работи во ред. Затоа мислам дека ние треба да бидеме далеку од овие теми се додека немаме констатации, надлежни констатации од овластените органи, како во однос на работата на судовите, така и во однос на работата на Агенцијата, бидејќи Владата е таа која треба да ни достави информација. Затоа јас мислам дека не треба да расправаме за оваа тема на парламентарна седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џевдет Насуфи, секој има право да поднесе информација, а вие со вашето гласање против го искажавте својот став, па ако точката и дневниот ред биде усвоен вие можете за време на дискусијата тоа да го кажете.

Господине Србиновски и вие ли имате процедурално или е слично на ова.

Не водиме расправа, завршено е гласањето кога ќе дојде точката на дневен ред ќе се изјасните.

Пратеникот Камер Птров предлага дневениот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје и Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Крива Паланка, Тетово и Радовиш.

Предлозите ви се доставени.

Заради рационалност пратеникот Каме Петров ќе ги образложи предлозите а гласањето ќе го вршиме по предлогот одело.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи основната и неоложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор пратеникот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада и носители на други јавни фунции, колешки и колеги пратеници,

Познато е дека летниот период за жал во практиката претставува релативно пасивен период за судството во Република Македонија. Наспроти тоа сите се залагаме за континуирана, правична и ефикасна работа на судовите. Затоа за да се надминат така наречените ад хок летечки совети и во летниот период составени од

судии од кривичната, вонкривичната, граѓанските и другите области кои што имаат сложени предмети исто така од различни потреби денес има неодложна потреба да се изврши избор на функциите назначени во предлозите доставени до пратениците. Со тоа ќе овозможиме судовите и во летниот период да работат со полн капацитет и легитимитет. Затоа врз основа на член 66 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија има итна и неодложна потреба овој избор да го извршиме на денешната пленарна седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Предлогот на одлуката за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Некои пратеници бараат збор процедурално.

Да гласаме прво.

Ве молам седете на своите места треба да се гласа.

Гласале 67 пратеници. 58 гласале за, 2 воздржани и 7 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Предлогот на пратеникот Каме Петров, предлогот на одлуката за огласување на избор на судии на 0сновните судови во Крива Паланка, Тетово и Радовиш да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Некои пратеници бараат збор процедурално)

Ќе добиете збор, да завршиме со гласањето.

Гласале 61 пратеник. 58 за, нема воздржан и 3 против.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Повелете, кој бараше збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во името на Пратеничката група јас сакам да го искажам својот револт на начинот на работењето на Собранието на Република Македонија.

Значи еве уште еден случај со кој што сметам дека се става на дневен ред на препад. Имено, за Апелациониот суд во Скопје материјалот е доставен во Собранието на 9 јули во 14,20 часот. Ние го добиваме овој предлог за избор на претседател на Апелационот суд на Скопје кога дојдовме на седница, на нашите работни места. Сметам дека е крајно неодговорно и крајно неделовнички тие вака значајни материјали ние да ги добиваме на самата седница, пред почетокот на

седницата. Сакам да напоменам дека не се работи за избор на обичен судија, да не се сватам погрешно, за избор на претседател на Апелациониот суд на Скопје.

Значи се продолжува праксата, вие како претседател треба да реагирате тука, на препад да ни се доставуваат за кој што ние неможеме да го формираме своето мислење за соодветниот предлог. Би требало овој предлог ако бил доставен на 9 јули барем да ни се достави навреме за да можеме ние да расправаме по оваа точка. Инаку, ќе ве потсетам дека сите предлози во судството што се значајни секогаш се донесуваат на ваков начин. Сметам дека ова веше е скандалозно и затоа барам да се повлече оваа точка, да не се става на дневен ред, да се стави на некоја од наредните седници за да би можеле ние како пратеничка група да го изградиме нашето мислење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски, ние не сме дојдени до тој предлог сеуште. Вие превентивно тоа го кажувате. Деловникот е сосема јасен, постои член 66, а ако сакате да изградите свој став можеме да направиме пауза кога ќе дојде таа точка на дневен ред. Тука не гледам дека деловникот е прекршен.

Повелете господине Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФУ:

Имам две причини зошто ја правам оваа забелешка процедурална.

Првенствено како претседател во последно време на многу остар начин пристапувате кон опозицијата иако нашите барања, кои што мислам дека се легитимни барем како барања, не и како содржина на крајот на краиштата.

Второ, ќе ве молам вие знаете дека Републичкиот судски совет не е комплетиран, за жал Републичкиот судски совет не е според Охридскиот договор и предлозите не се валидни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немојте да отвораме расправа за Републичкиот судски совет.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Претседателе, предлозите од судскиот совет би требало да бидат во духот на она што законот го наложува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно така, тоа ќе ви се објасни кога ќе дојде оваа точка на дневен ред. Затоа продолжуваме со работа.

Републичкиот судски совет предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни..

Процедурално повелете господине Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Јас уште еднаш би сакал да укажам на тоа дека една од основните забелешки во извештаите на Европската Унија и на НАТО за судскиот систем во Република Македонија, проблемите во судскиот систем, партизацијата, неажурноста и тн,. Денеска гледам дека пред еден ден доставен материјал за претседател на Апелациониот суд на Скопје многу лесно и без посебна расправа се става на дневен ред точка за која што навистина е потребно..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вашето право на расправа нема да биде ускратено кога ќе дојде предлогот на дневен ред како точка. Член 66 сосема е јасен и вие можете да гласате против.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Јас зборувам за дневнииот ред претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам вие не зборувате процедурално. Кажете каде е процедурата наручена. Член 66 е употребен овде.

Републичкиот судски совет предлага дневениот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје.

Предлогот ви е поделен.

Го молам претставникот на Републичкиот судски совет, госпоѓа Ленче Софрониевска да ја образложи итната и неодложна потреба овој предлог да биде разгледан на оваа седница.

Има збор претседателот на Републичкиот судски своет госпоѓа Ленче Софрониевска.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Овој предлог за претседател на Апелациониот суд во Скопје е разгледуван заедно со другите предлози на 4 седници на Републичкиот судски совет.

Итноста произлегува од тоа што настапува судска ферија и за да може овој значаен суд да работи со полн капацитет и со полна одговорност сметаме дека треба со оглед на тоа што не знаеме дали во текот на овој месец ќе има уште една седница, а сметам дека е неопходно овој суд да функционира со полна одговорност, а со оглед на тоа што не по наша вина туку заради прибирање на мислења и

доцнење на мислењето дојдовме да одлучиме на 9 овој месец. Ние сметаме дека итноста постои само во функција на функционирање на судот како што тоа го бара законот и Уставот и ништо повеќе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали постои итност или не ќе одлучат пратениците.

Предлогот на Републичкиот судски совет овој предлог да се разгледа на денешната седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник. 53 за, 3 воздржани и 15 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Закон за изменување на Законот за заштита и спасување.

Предлогот на Владата ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господинот заменик министер Ризван Сулејмани.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Собранието на Република Македонија усвои закон за заштита и спасување кој треба да влезе во сила од 1.01.2005 година, а престанува да важи законот за елементарни непогоди. Со оглед дека имаме ситуација од поплави и треба да работат комисии за проценка на штетите, да не дојдеме во ситуација законски да не бидеме покриени за целата оваа активност предлагаме измени и дополнувања кои ќе придонесат во надминувањето на оваа ситуација, комисиите да можат да работат во проценка на штетите нанесени со поплавите во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 70 пратеници. 57 гласале за, 2 воздржани и 11 против.

Констатирам дека Предлгот на Владата е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Според тоа, за деншната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија ;

2. Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје;

3. Предлог за избор на претседател на основниот суд во Штип;

4. Предлог за избор на судии на основните судови во Гевгелија, Дебар, Кавадарци, Кичево, Скопје 1- Скопје и Струга;

5. Предлози за разрешување на судии на основниот суд во Велес ;

6. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Штип;

7. Предлози за именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Прилеп, Радовиш и Струмица;

8. Предлози за именување заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во кочани, Прилеп, Радовиш, Свети Николе и Штип;

9. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;

10. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Крива Паланка, Тетово и Радовиш;

11. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита и спасување;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандман на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасниот отпад и негово одлагање и Амандман на Анекс 1, Анекс 8 и Анекс 9, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за соработка во областа на ветеринарството, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за пренос на казнените постпаки, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за спречување на тероризмот, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за воено-техничка соработка со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон против ограничувањата на конкуренцијата;

19. Предлог за донесување на закон за овластување на организација за изготвување пригодни ковани пари по повод 60 години од Првото заседание на АСНОМ, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за амнестија на граѓаните на Република Македонија кои не ја извршиле воената обврска, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за вршење на психолошка дејност;

23. Извештај за работата на ЈП Македонска радио телевизија за периодот мај 2003 - мај 2004 година;

24. Информација за внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново;

25. Информација за состојбата со есенските посеви и првичните оценки за очекуваното производство;

26. Информација за приватизационата постапка на ПОС - АИК "Лозар"- Битола.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (нема)

Бидејќи нема предлози, дневниот ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, 58 гласале за, двајца воздржано и девет против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали има предлог во врска со редоследот на точките на овој утврден дневен ред вака како што е?

Повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Со оглед на фактот дека Предлогот за претседател на Апелациониот суд во Скопје го добивме непосредно пред отпочнувањето на оваа седница, предлагам таа точка од дневниот ред да ја ставиме како последна, а другото да си остане како што е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на г-динот Блаже Стојановски точката 2 - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје да биде последна, односно точка 26 го ставам ..

Се извинувам да не згрешам, дали имате подршка од 10 пратеници.

Ве молам, кренете рака за да констатираме колку пратеници го подржуваат предлогот.

Има подршка од 10 пратеници.

Предлогот точката 2 да биде последна точка на дневен ред го ставам на гласање.

Значи го ставам на гласање предлогот на г-динот Блаже Стојановски точката 2 на утврдениот дневен ред - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје да биде последна точка.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, за предлогот гласале 14, воздржано 5 и против 50 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има други предлози?

Повелете г-дине Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам, г-дине претседател.

Во името на парламентарната група на ДУИ барам пауза од еден час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали ќе образложите зошто, бидејќи само така пауза од еден час без образложение би било непријатно да се даде.

РАФИС АЛИТИ:

Поради консултациите кои треба да следат во нашата парламентарна група за некои точки од дневниот ред барам пауза од еден час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Сега е 10,40 часот и давам пауза до 11,40 часот.

(по паузата седницата продолжи во 11,40 часот)

Да продолжиме со работа.

**Преминуваме на првата точка:**

**Предлог за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете, г-дине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе.

Би сакал да го кажам своето мислење околу изборот на претседател на Врховниот суд на Република Македонија .

Имено, се продолжува практиката во Република Македонија од 15 септември наваму за партизација на судството во Република Македонија . Тоа сме го говореле во сите наврати кога се зборувало за избор на било кој судија, претседател и слично во судството на Република Македонија . Особено беше при изборот на претседател на Републичкиот судски совет, како и на составот на Републичкиот судски совет, кој сакам да кажам дека сеуште е непотполнет, односно некомплетен, така што во еден случај ги стававме во дилема односно под знак прашање сите одлуки на Републичкиот судски совет,со оглед на тоа Што тие можат да бидат донесени и со помалку од четири гласа од вкупно седум колку би требало да бидат, иако таму има пет судии на Републичкиот судски совет.

Сега, во тој контекст, во тој правец на партизација на судството во Република Македонија , сметаме дека е и овој предлог Дане Илиев да биде претседател на Врховниот суд на Република Македонија .

Зошто сметаме дека е партизација?

Г-динот Дане Илиев - јас нема да навлегувам во неговите стручни способности, кои се дадени во биографијата и се кажува каде се има работено, иако не е дадена една од неговите фунции, а тоа е член на Државната изборна комисија, предложен од СДСМ. Многу очигледен пример со кој се потврдува дека г-динот Дане Илиев е член, симпатизер или приврзаник на СДСМ, кој со неговата работа во ДИК, особено при изборот на Претседател на Република Македонија, сега партијата која го предложи во ДИК на некој начин му се реваншира за извршената работа. Мислам

дека ова е катастрофално за судството во Република Македонија, бидејќи во сите извештаи на ЕУ, кои ги доставуваат за реформите на патот кон интеграција на Република Македонија и членство во ЕУ, секаде се зборува за партизирано судство. На овој начин, владеачката коалиција, особено СДСМ, продолжува со ваквите кадровски решенија да оди во прилог на тоа за што најмногу ЕУ не критикува и го оспорува нашиот пат кон ЕУ. И не е само овој случај, во минатото сите членови или претседателите на ДИК имаат заслужни места после завршувањето на изборите.

Мислам дека на овој начин директно се руши угледот на Република Македонија. Би требало еднаш да се престане со ваквиот начин на кандидирање на кадри, особено што тоа е од интерес на Република Македонија . Зборував и кога беше изборот на претседател на РСС, за неговата партиска приврзаност, а не беше само тоа случајот. Тогаш кажав дека и понатаму сите предлози кои ќе доаѓаат во најголем дел ќе бидат партиски обоени. Еве, таков е случајот и сега, ќе видиме и понатаму во следните предлози за судии што денес се предлагаат.

На овој начин парламентарното мнозинство и СДСМ дејствува спротивно на прокламираните ставови и декларации за реформи во судството, за непартиско судство, но со овие кадровски решенија многу јасно се кажува дека сето тоа е само декларативно, сето тоа е само за јавноста, меѓутоа, кога ќе дојде моментот да се предлагаат кадровски решенија, во тој случај сето тоа паѓа во вода и се ставаат луѓе многу блиски или членови на СДСМ.

Ваквиот предлог сметаме дека исто така е антирефомски, во насока на етаблирање на партиски кадри во третата и најважна, тоа е судската власт, што е , како што реков, во спротивност со департизацијата и независност на судството и препораките на ЕУ за реформите во судството.

На ваков начин, со овие кадровски решенија, сметам дека треба да се престане и парламентарното мнозинство, во согласност со декларираните ставови треба да предлои реформи во судството, при што еднаш за секогаш ќе бидеме ослободени од тоа во Република Македонија, или оневозможени партиски кадри да ги заземаат врвните функции во судството. Само би напоменал, тоа е во РСС, Јавното обвинителство, Уставниот суд и еве сега дури и на Врховниот суд. Незнам како сметаме дека понатаму ќе влегуваме во ЕУ. Ако можеме да ја излажеме Република Македонија , сигурно неможеме да ја излажеме ЕУ, тие знаат се што се случува во Република Македонија и затоа во нивните извештаи судството е нагласено како една од точките, една од сверите во Република Македонија во кои длабоко заостануваме од реформите во судството.

Затоа, очекувам овој предлог парламентарното мнозинство да не го подржи, имено, г-динот Дане Илиев да не биде избран за претседател на Врховниот суд на Република Македонија и да се најдат сили РСС да предложи друг кандидат со кој во Република Македонија нема да има партизирано судство, бидејќи пак ќе напоменам, претседател на Врховниот суд на Република Македонија е многу значајна функција и до колку денес избереме партиски човек на оваа многу значајна функција, верувајте дека сите останати судови во Република Македонија ќе бидат под притисок на ваквите личности со ваква нивна ориентација и сметам дека уште повеќе ќе се одалечуваме од приемот во ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трајановски.

Реплика за г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Уште еднаш се повторува старата практика, кога е предложен за избор вили именување одреден стручен кадар,во конкретниот случај судија на Врховниот суд на Република Македонија за кандидат  за претседател на Врховниот суд на Република Македонија да се повторуваат старите термини “мнозинството во Парламентот, партиски човек “ итн.

Јас би сакал во репликата кон колегата Коце Трајановски да го истакнам следното:

На конкурсот односно огласот за избор на претседател на Врховен суд на Република Македонија беа пријавени тројца кандидати. Морам да истакнам дека сите ги исполнуваа формално-правните услови и се судии на Врховниот суд на Република Македонија . Нормално и логично е да се цени квалитетот, стучноста, минатото, она што го обележува еден човек да заземе една толку висока и одговорна функција. Во конкретниов случај, предложениот кандидат, слободно можам да кажам, апсолутно ги исполнува сите потребни критериуми и од тие причини е предложен токму од едно високо-стручно тело, а тоа е РСС. Тоа е една работа.

Второ, колега Трајановски вие добро знаете дека за член на ДИК мора да биде поставен и човек кој е судија на Врховен суд на Република Македонија , но тоа не значи априори дека таквиот кандидат е симпатизер или не е симпатизер на одредена политичка партија.

Од тие причини, мислам дека предлогот е на место, издржан е и мислам дека предложениот кандидат во целина ги исполнува условите токму поради кои РСС го предложи за таа функција. Само за ваше потсетување, поранешниот и сеуште актуелен претседател на Врховниот суд на Република Македонија, уважениот професор Симеон Гелевски најнапред беше избран за судија на Врховниот суд, а потоа беше именуван за претседател на Врховниот суд на Република Македонија .

Од тие причини при аргументацијата ве молам да користите аргументи, но и вистинитоста, пред целата македонска јавност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Би ве замолил да не спомнувате имиња на луѓе кои не се присутни тука и да зборувате за нивниот професионален историјат.Сите ја знаеме вистината или невистината.

Г-дине Трајановски една минута контра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека мојот почитуван колега Томиќ воопшто не го демантираше она главното на кое јас ја дадов својата забелешка во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека г-динот Дане Илиев е член на ДИК предложен од СДСМ, исто како што беше и г-ѓата Мери Младеновска, со кои постапки во ДИК направивме циркус во Република Македонија . На овој начин ние укажуваме дека со изборот на г-динот Дане Илиев ќе настане партизација во судството на Република Македонија уште во еден сегмент, а тоа е претседател на Врховниот суд на Република Македонија. Ние не спориме дека тој работи во Врховниот суд и воопшто не сакаме да навлегуваме во неговите способности, меѓутоа и ЕУ, Советот на Европа ни забележува заради партизацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трајановски.

Ве молам, ако г-динот Томиќ го опоменав да не спомнува имиња, како што е името на г-динот Гелевски, ве молам и вие немојте да спомнувате имиња на луѓе кои не се присутни, затоа што ако се случи тоа уште еднаш веднаш ќе ви го одземам зборот. Овде зборуваме за кандидатот.

За збор се јави г-динот Џевдет Насуфи, а потоа нека се подготви пратеникот Јани Макрадули.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам г-дине претседател.

Дами и г-да пратеници,

За разлика од претходниот говорник од опозицијата, ќе му пријдам малку поинаку на ова прашање на партизација на судството, бидејќи сигурно и ЕУ и сите граѓани на Република Македонија, кои имаат потреба за вистинска правда, сакаат да го измениме системот на избор на судиите или на судството во целина. Сакале вие или не, изборот на судиите на овој начин, па и на претседателот на Врховниот суд е партиски избор. Јас не сакам да говорам за личноста на кандидатот бидејќи претпоставувам дека секој претставник.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Насуфи, се извинувам, само вие сами рековте - ве молам, за личноста на кандидатот би сакал да се зборува. Вие самите рековте “не сакам да зборувам”. На дневен ред е конкретниот предлог. Ви дозволувам да имате вовед од типот на партизација на судство, но тоа е посебна тема. Ако вие не сакате за личноста да зборувате.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседателе,  на арогантен начин се однесувате. И повторувам, ако сакате да  не дискутирам, јас нема да дискутирам и ќе го ослободам ова место, можам и под ваш притисок да го напуштам и мојот мандат како пратеник, но, ако ова го бара народот. Ве молам, не ме прекинувајте. Ова го направивте и претходно и не сакам да се повтори. Повторно ќе нагласам дека на Македонија и требаат реформи во начинот на изборот на судиите, бидејки вака правиме партизација. Ова можеби ќе го направи секоја влада. Не мислам дека можеби оваа Влада го прави ова. Затоа претседателе, априори не поаѓајте со предрасуди и да ме прекинувате, бидејки немам намера вие , или вашата партија да ја критикувам, туку го критикувам системот кој можеби заедно сме го создале. Но, сега е времето да ги направиме потребните реформи.

Сега Ќе кажам нешто друго. Повторно ќе нагласам дека кандидатот како кандидат не можам да го негирам, бидјеки сметам дека секој член на Врховниот суд може да се избере за претседател на Врховен суд. Се додека немаме спротивни проценки од соодветниот орган како што е на пример Судскиот совет . Каде се моите

забелешки во однос на кандидатот? Ве молам, ние пред извесно време го избравме претседателот на државата, го избравме и претседателот на Владата, сме избрале и претседател на Парламентот, на трите главни власти и сите се Македонци. Сега беше време судскста власт според Охридскиот договор да се избереше еден кандидат од редовите на албанците. Овде е нашата забелешка.

И втора главна забелешка е во однос на тоа дека Републичкиот судски совет не е комплетиран во согласност со Охридскиот договор. Ве молам, само еден член е Албанец во Републичкиот судски совет. Во Охридскиот договор на дециден начин се нагласи дека РСС ќе има три членови албанци и на овој начин да се зачува на еден начин можноста на интеграцијата на албанците во судството на поактивен начин. Бидејки на крајот на краиштата презентирањето , или застапеноста, или интеграцијата на албанците во институциите и во системот не можеме да ја направиме само со референти, туку и преку судиите. Во Македонија имаме над 30 судови, а само еден претседател е албанец. Пресметајте колку е овој процент. Значи, само еден претседател на суд е албанец. Исто така, имаме и обвинителства. Мислам дека имаме само двајца обвинители од редовите на албанците и тоа од пониските нивоа. Видете ја и структурата на судиите. Речиси ниту 5% стуктурата на судиите не е од редовите на албанците. Да не зборуваме за обвинителства, таму не е ниту 2%, ниту 3% застапеноста на албанците. Сега е веќе банално да говориме за тоа дека Охридскиот договор треба да го спроведуваме, или го спроведуваме. Што сакате нешто поконкретно. Ова е најконкретното што можам да ви го кажам. Затоа од овој аспект и во оваа насока повторно ви говорам на сите пратеници, посебно на пратениците од албанската коалиција кои треба да водат сметка дека на овој начин, не една деценија, туку многу децении не можеме да го постигнеме тој стремеж кој заедно го посакуваме за да го смириме и во овој сегмент политичкиот и општествениот живот во Македонија. Затоа, со жалење ќе нагласам дека доколку вака продолжиме во однос на раководниот кадар и во судскиот сегмент, ние интеграцијата, или застапеноста, или моќта на одлучувањето на албанците во Македонија ја релативизираме уште повеќе, бидејќи во центрите каде што се одлучува тие не се присутни. Мислам дека ќе биде коректно и политички многу оправдано, но и правно ќе беше добро, бидејки во тој Републички судски совет има многу добри албанци судии од кои еден од нив требаше да се избере, било кој да биде од нив, не говорам за никаква партизација, за да раководеше со оваа институција и на овој начин непосредно и практично да покажевме дека навистина сме за една кохезија, меѓуетничка кохезија која ќе ни обезбеди не само добробит,

туку и мир и безбедност, значи и едното и другото, значи и многу меѓусебна доверба. Затоа пред да ја донесеме оваа одлука, јас мислам дека треба да ја подигнеме нашата свест над партиската и да размислуваме дека треба можеби да го разгледаме уште еднаш овој предлог.

Ви благодарам, г. претседател и знаете дека немате причини да ме спречите да говорам, ова како што вие секогаш го правите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не го правам секогаш, туку само кога ќе се одалечите од точката на дневниот ред. Сега мислам дека е во ред вашиот коментар за предлогот, од друг аспект го гледавте, тоа го прифаќам.

Има збор г. Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас нема да избегам многу од темата. Се сложувам дека постојано зборуваме за реформите во судството и тие ни се потребни. Мислам дека сите имаме консензус за тоа. Една од причините за реформите во судството лежи баш во тоа на иницијативата да не се инволвираат можеби како варијанти судиите во изборниот процес бидејки законската обврска и Законот кој сега наложува судиите да се дел од изборниот процес, ги тера луѓето да предлагаат судии , ние сме приморани на тоа , да предлагаат судии и членови или на Врховниот суд, или на општинските судови. Така што од тие причини да ги избегнеме жигосувањата што ги правиме врз луѓето сега ние тука, овде од говорницата. Реформите на судството нудат и таква варијанта судиите да не се дел од изборниот процес, за да се избегне ваков да кажам вербален линч што се прави од говорницата. Потоа предлогот на една партија апсолутно не значи и не прејудицира никаква партиска припадност. И уште еднаш повторно да се задржиме на квалитетите на кандидатот и неговата биографија, а не да бараме причина дека тој не е член на некоја партија, или пак не е припадник на некоја националност. Затоа јас незнам другите партии како тргнуваат во своите програми, но СДСМ кога предлага некој човек како член на Државната изборна комисија, го предлага според неговата стручност, професионалност и квалитет. Но, очигледно некои политички партии уште мислат дека се предлага по партиска припадност и тие тука го бараат решението.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, ве молам зборувајте за предлогот. Морам и вас да ве опоменам. Вие реплицирате во однос на претходните говори. Ве молам, зборувајте за предлогот.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Претседателе, јас незнам дали сте вие уиграни со “Утрински венсик “ кој ме смени денес од координатор, па стави друг, но оставете ме да си ја завршам мислата.

Зборувам дека согласно Законот за избор на пратеници членовите на ДИК приморани сме да ги предложиме од редовите на политичките партии,, односно да доаѓаат од политичките партии , но тие се судии на Врховниот суд. Зошто да ги обележуваме сега тие дека се припадници, кога Законот вели дека ние треба да предложиме некого од таму. Што значи дека вие се сложувате дека кандидатот што дошол од ВМРО-ДПМНЕ е партиски член на ВМРО-ДПМНЕ? Не, туку го избравте во еден ден член на Врховен суд, па другиот ден го избравте и судија и член на Врховен суд. Тоа вие го направивте. Но, ние не зборуваме за тоа, ние не работиме така. Дајте да зборуваме за квалитетот. Дали имате забелешки на квалитетот, стручноста, некорумпираноста и професионалноста на кандидатот Илиев. За тоа да зборуваме, а не да зборуваме сега како вие сте работеле во минатото. Тоа не е тема на дискусија. Денеска имаме предлог за претседател на Врховниот суд и ве молам да не настапуваме со жигосување кон сите судии, бидјеки никој потоа нема да учествува во процесот на избори што е закон. Некој го смислил тоа и како што рече г. Насуфи, сите заедно сме го создале тој систем и тоа е дел од изборниот систем да ги почитуваме овие законски мерки што постојат сега.

ЉУПЧО ЈОРЕДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Коце Трајновски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Репликата се однесува на мојот колега Јани Макрадули. Значи, сакам да му кажам тоа што и во говорот го кажав. Ние можеме да ја лажеме македонската јавност, или да зборуваме невистини, меѓутоа од ЕУ, од Советот на Европа многу јасно стигна дека судството во Република Македонија е партизирано. Значи, не зборува тоа дали се квалитетни , или неквалитетни. И нашата дискусија е во тој

смисол , значи, луѓе истакнати кадри на одредена политичка партија, било која , да не бидат ставени на високи функции во судството, бидејки сметаме дека со тоа само ќе му се нанесе штета на судството во Република Македонија и нормално во целост на Република Македонија на патот кон ЕУ. Значи, ја скако пратеник и како граѓанин во Република Македонија не сакам во следниот извештај на Советот на Европа повторно да стои дека во Република Македонија партизацијата на судството продолжува. Тоа беше нашата реплика. А ние како кандидираме, јас впрочем не сакав да зборувам и воопшто не ми беше целта за стручните квалитети на господинот кој што се предлага за претседател на Врховниот суд на Република Македонија. А како работи СДСМ исто така не сакам да коментирам, како што не би сакал да се коментира како работи ВМРО-ДПМНЕ.

ЉИПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г. Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам господине претседател, јас само во делот кој што г. Макрадули го нагласи дека не треба да говориме за национална припадност. Национаната припадност ни се наметнува како политичк обврска и ја имплементираме политиката која што сме ја усвоиле токму и во овој Парламент. Што се однесува на претставувањето на албанците, јас повторно ќе нагласам, додека егзекутивата, додека законодавната власт, додека претседателот, судството, требало да се раководи од еден албанец, омбуцманот исто така е со македонска припадност, Народниот правобранител исто така е од македонска припадност. Нема никаква забелешка во однос на квалитетот на луѓето. Меѓутоа, ова е значаен елемент кој што се игнорира во оваа прилика мислам дека не треба да се заборави и дека се прави грешка и политичка, меѓутоа истовремено и правна грешка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Дане Илиев да биде избран за претседател на Врховниот суд на Република Македонија, го ставамна гласање.

Во повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, 54 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во меѓувреме во салата влегоа уште тројца пратеници откако гласањето беше реализирано.

Во салата се присутни 62 пратеника, минус 3, 59, го поништувам гласањето и ве молам повторно да гласаме, бидејки сега имаме кворум.

(Во моментот кога во салата влегуваат пратениците од ЛДП, претседателот на Собранието аплаудира).

Гласале 58 пратеници, 58 пратеници гласале за.

Во салата беа присутни во моментот на гласањето 62 пратеника.

Констатирам дека Дане Илиев е избран за претседател на Врховниот суд на Република Македонија.

Процедурално г. Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Јас би ве замолил друг пат кога аплаудирате на влегувањето на пратениците од ЛДП, да аплаудирате кога пратеници од СДСМ ќе влезат во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, би сакал да ми објасните по кој член од Деловникот го повторувате гласањето, кога немаше кворум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па по тој член , затоа што гласањето не е важечко и немаше кворум. Кога имаше кворум, го повторив гласањето. Тоа е пракса веќе со години. Ако нема кворум гласањето е неважечко. Се собра кворумот и гласавме повторно. Го поништив гласањето и гласавме повторно.

Проседурално госпоѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Моето барање е процедурално и е врз основа на Деловникот. По паузата што ја имавме и по консултациите наше барање е, врз основа на членот 74 од Деловникот за работа на Парламентот, бараме точката два од Дневниот ред, односно точката која расправа за прашањето на изборот на претседателот на Апелациониот суд во Скопје, да биде како последна точка на дневниот ред. А за ова имам подршка од 10 пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Констатирам дека има подршка од 10 пратеници.

Предлогот точката два  да биде последна , на госпоѓа Теута Арифи, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, 46 пратеници гласале за, 7 воздржани, 5 против.

Ве молам да се констатира бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално пратеникот Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА;

Јас сакам само да прашам. Овој предлог го имаше пратеникот Блаже Стојановски при утврдувањето на дневниот ред. Тогаш позицијата не го прифати. Сега откако ние преминавме на дневниот ред, на утврден дневен ред, почнавме да работиме со точките, а колешката Теута Арифи го даде истиот предлог и пак по истиот предлог гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И што е тука непроцедурално?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Колку пати ние можеме за овој предлог да гласаме во текот на седницата?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа  се побара пауза и се направија консултации.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

После паузата ние продолживме со точката Избор на претседател на Врховен суд .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука нема ништо непроцедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на точка 3. - **Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Штип.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Отворам пртрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Миланчо Рамбабов да биде избран за претседател на Основниот суд во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, 60 пратеници гласале за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека Миланчо Рамбабов е избран за претседател на Основниот суд во Штип.

Минуваме на точка 4. - **Предлог за избор на судии на Основните судови во Гевгелија, Дебар, Кавадарци, Кичево, Скопје И - Скопје и Струга.**

Предлозите за избор Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот Маја Аврамова да биде избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Маја Аврамова да биде избрана за судија на Основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 58 гласале за, 3 пратеници воздржани, нема против.

Констатирам дека Маја Аврамова е избрана за судија на основниот суд во Гевгелија.

Отворам претрес по Предлогот Мухамед Баланца да биде избран за судија на Основниот суд во Дебар.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-ѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Денес имаме избор на двајца судии во Основниот суд Дебар, од кои еден е господинот Мухамед Ќамил Баланца. Заради информирање на јавноста би сакала да кажам дека овој г-дин е вработен како секртар на Јавната здравствена организација Медицински центар - Дебар. Во биографијата која ни е доставена од страна на РСС се вели дека г-динот од 1993 година до 2000 година отвора своја адвокатска канцеларија, значи работи како адвокат од 14.02.2000 година се вработува во Јавната здравствена организација Медицински центар Дебар на работно метсо секретар, каде и денес се наоѓа и има работен стаж од 30 години.

Ќе го задржам правото да се јавам и за наредниот судија во Основниот суд Дебар, меѓутоа, ако го погледнеме материјалот доставен од РСС сте останати предложени кандидати за судии во овој предлог, освен овој господин Баланца и г-динот предложен за судија во Основниот суд Дебар, се луѓе кои работат надвор од судството. Сите останати, почитувани колеги, се или стручни соработници или судија или виш соработник во Основниот суд или виш соработник во управата за јавни приходи и овде имаме исклучок во Основниот суд во Струга. Ако веќе ние се бориме и покрај сите укажувања кои доаѓаат од ЕУ и од институциите на ЕУ за самостојно и независно судство, потребни ни се луѓе со искуство барем во судството. Со оглед на тоа дека работата која ја обавува г-динот секретар на Јавната здравствена организација Медицински центар е со светлосни години различна од онаа што се обавува во судството, исто се однесува и за фондот за здравствено осигурување, незнам која била интенцијата на РАСС од сите кандидати кои се пријавени, не верувам дека немало соработници во основниот суд во Дебар кои ги исполнуваат условите да бидат избрани, предложени за судии на Основниот суд во Дебар бидејќи ние денес треба да ги избереме.

Би сакала да знам кои се критериумите врз основа на кои кандиати е избран и предложен секретар на Јавната здравствена организација Медицински центар Дебар.

Уште еднаш ќе повторам надлежноста во работата Медицински центар и Основен суд Дебар, мислам дека и на луѓето кои не се занимаваат со политика и кои немале воопшто причина досега да одат во судовите, знаат колку е голема таа

разлика. Сметам дека е крајно време и крајно е непринципиелно од страна на РСС и понатаму, а веќе интенцијата е врз основа на сите форумни, семинари и други форми на јавно презентирање за независно и самостојно судство,сметам дека со ваквиот избор и со ваквите предлози за судии, нашето судство ќе стане уште позависно, а за самостојно несакам ни да разговарам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Господинот Јашари има збор. Ако не е збор, тогаш три минути реплика.

АДНАН ЈАШАРИ:

Знам дека предговорничката е правник, сепак, нема доволно информации за одредбите од Законот за судството, незнам дали има предзнаење, меѓутоа, претпоставувам дека не го прочитала добро Законот за судството. Законот за судството во ниедна негова одредба не говори за тоа што го кажа колешката, туку говори за искуство во професијата и за посебен услов како што е давањето на судскиот испит. Според тоа што пишува во биографијата на дваицата кандидати за Основниот суд во Дебар, предложените кандидати ги исполнуваат условите како од аспект на постојното искуство, еден од нив има 30 години искуство, така и од другиот аспект, како што реков пред малку, посебниот услов или давањето на правосудниот испит. Во оваа насока мислам дека нема никаква правна пречка. Ако колешката мисли дека има некаква пречка, пречка нека цитира некоја одредба од Законот за судовите и да видиме и да ни докаже дека навистина не е така како што рече. Сепак, јас со полно убедување, судскиот совет го има и Законот пред себе, па затоа ги предложил предлозите кои што се во согласност со одредбите од горенаведениот закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-ѓо Којзеклиска една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас не сакам да ги цитирам одредбите од Законот за судовите. Инаку, тоа не е во Законот за судството, туку во Законот за судовите, во кој прецизно е наведено дека за судија во основниот суд треба да има пет години работно искуство, за апелациониот суд седум години, а за Врховен суд девет, колку што мене ме држи меморијата од полагањето на правосудниот испит. Меѓутоа, овде се работи, колега, за принципи. Се работи за луѓе кои работеле веќе во судството и имаат искуство пет години во судството, што не значи дека и г-динот може би нема да ги постигне

своите ефекти и барања што ги нуди судската функција, но сметам ако веќе се принципи во прашање, ако веќе бараме судството да биде како што треба, вакви предлози во иднина, барем РСС да ги селектира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Блаже Стојановски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Навистина, немав намера да се јавам, меѓутоа изгледа сеуште не се сфаќа зошто ова е вака, односно зошто имаме дискусии кои што зборуваат за партиско влијание, за можност за зависност на судовите од политички структури за влијание на политиката во работењето на судовите.

Факт е дека и во експозето на премиерот беше кажано дека судството е еден од приоритетите за реформи во Република Македонија, заради неговата неефикасост, која што е предизвикана од влијанието кое што го трпи од различни страни. Ова што денес го имаме на дневен ред, назначувањето и изборот на судии, конкретно во Дебар, пртставува една последица на начинот на конституирањето на РСС, а тоа се покажа и преку конституирањето на Уставниот суд, нецелосното конституирање на РСС, кои што се уште нема дваица членови, кои се предлог на претседателот на државата, треба да бидат предлог. Изборот на судии фактички се врши со согласност на политичките партии, она што сега го добиваме тука како дискусии од различни страни, само го потврдува фактот дека на овој начин, без реформи во судството изборот на судии ќе предизвика само дилеми и несигурност кај сите оние што треба да ги трпат последиците од правораздавањето од постапувањето на судиите.

Од овие причини сметам дека изборот на судии, начинот на избор на судии треба во најбрз можен рок да претрпи измени и на овој начин да се тргнат од дневен ред на Собранието препукувањата или можноста за оние партии кои што имаат мнозинство во ова Собрание, да предлагаат и да даваат согласности за изборот на судии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-ѓа Софрониевска.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Сепак, би сакала да се произнесам по барањето на пратеничката за причините на предлогот на кандиатот Баланца за судија во Основниот во Дебар, бидејќи сметам дека со доаѓањето на новиот состав на РСС, евидентно на поинаков

начин се работи, шест месеци правевме банка на податоци за работењето на сите судии во Република Македонија, бидејќи за среќа овие функционери за разлика од другите имаат мерлив труд. Малку сум изненадена од денешната дискусија на пооделни пратеници, заради тоа што три изобир за судии поминаа во една многу благопријатна атмосфера, која што беше и еден сигнал за судството дека навистина во Парламентот сепак почнува една нова струја за залагање за независост на судството.

Тврдам дека РСС и покрај тоа што не е во потполн состав, за кое нешто уште во стартот изразивме жалење, бидејќи ние сме тие што сме оптоварени повеќе со работа да бидат што побрзо избрани дваицата членови. Меѓутоа, ќе продолжевме на овој начин да работиме, затоа што работиме транспарентно пред јавноста и пред меѓународната и пред нашата јавност што е уште повеќе. Ќе кажам на кој начин се предложени кандидатите. Врз основа на аргумент. Прибвувани се мислења за сите кандиати што се јавуваат за судии. За тие кандиати што се вработени во судовите, се прибавуваат податоци од страна на судовите, а за другите кандидати кои се адвокати или работат во други државни органи или јавни установи или претпријатија, се прибавуваат мислења за нивното работење од организациите во кои што тие работат.

Во случајот на г-динот Баланца РСС при својата определба го зеде како приоритет фактот што има 30 годишно искуство на правни работи. Бидејќи, г-ѓата пратеничка не го спореше формалниот услов во однос на тоа дали овој кандидат го исполнува или не, сакам да ја уверам дека приоритет е земен долгогодишниот стаж, па дури и сега како секретар на медицински центар, затоа што овие луѓе со години работеле на правни работи. Мислам дека тоа не треба да биде хендикеп за кандидатите кои се јавуваат надвор од судството, заради тоа што и натаму ќе бидат предлагани вакви кандидати, бидејќи не може и судството да биде единствениот извор за избор на судии. За што, тогаш ќе направиме една посебна каста, која што исто така може да внесе и негативни работи во нашето секојдневно работење, а не само позитивни.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, госпоѓо Софрониевска.

За реплика се јави г-динот Блаже Стојановски.

Повелете, имате три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе.

Јас се согласувам дека треба да бидат почитувани принципите за кои зборуваше претседателката на РСС, меѓутоа, тоа треба да биде во секој случај. Имено, само ќе вем потсетам дека за претседател на Апелациониот суд имавте предложено кандидат пред малку, ДУИ како политичка партија во Парламентот кажа дека ќе гласа за претседател на Врховниот суд само доколку дадат согласност за избор на пртседател на Апелациониот суд и на тој начин се изгласа оној предлог кој што го дадов јас на почетокот таа точка да биде последна точка на овој дневен ред. Значи, се работи за политички договор, а не зам почитување на критериуми кои што значат стручност, независност и навистина квалитетно работење врз основа на реални показатели. Ако тоа беше така, ние ќе добивавме овде аргументи дали досегашните судии, досегашните претседатели на овие судови покажале незадоволителни резултати и  кои се тие причини што тие не се повторно избраи на тие функции и напротив зошто тие повторно се избрани ако повторно се предложени за избор на тие позиции.

Од овие причини, ако зборуваме за принципиелност, таа принципиелност треба да биде покажана во секој случај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Софрониевска, повелете имате една минута.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Дали мене ми се обраќаше пратеникот или си дискутираше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, тоа беше реплика на Вашате дискусија, така што можете да одговорите.

ЛЕНЧЕ СОФРОНИЕВСКА:

Тогаш, не знам на што се однесува репликата во последниот дел за некој договор. Ве молам, јас не сум пратеник и со мене договори нема. Јас сум пртставник на РСС.   Немојте  да внесувате забуни и дезинформации. Не прифаќам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Републичкиот судски совет го даде својот предлог до Собранието, а Собранието треба да одлучи.

Повелете г-дине Мавровски имате три минути реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал еве незнам по кој пат тука да изнесеме мислење дека ние како пратеници во овој Парламент сме доведени во сидуација да избираме судии за кои мислам дека како пратеници едноставо не сме меродавни да одлучуваме за нивните квалитети. За жал, ова што го слушнавме од претседателот на РСС како највисоко тело, мислам дека уште во старт е погрешно. Затоа што, тие два сеуште не избрани судии во РСС или членови, можеби еден од нив ќе беше токму пртседател на тој РСС. Но, сега тој работи како што работи и овие предлози што ги добиваме, ако пртседателот мисли дека било кој може да ја обавува функцијата судија, мислам дека колегите судии едноставно не би се сложиле со колешката претседател на РСС, затоа што секако во нивната бранша мора да постои како секаде во светот тие да одлучуваат за изборот на оние што значат нивни колеги, она што значи судство. На ваков начин ако некој не убедува дека некој работел како правник во некое претпријатие кое имало десет луѓе и бил добар правник претходните 20 години, не значи дека ќе биде добар судија, уште помалку, затоа што воопшто не работел никогаш во судството. Тоа се две сосема различни работи, за кои што овде и мене како човек кој што не се разбира многу од правото апсолутно не ми изгледа ни правно, ни легално, ниту пак на овој начин како што ни е презентирано дека ние како пратеници сме почнале добро да работиме и сите заедно треба сите предлози од РСС да се прифатат анблок. И, покрај тоа што очигледно е дека се работи за политички договор, за кои што пред малку говореше и координаторот, но, ќе видиме сега на наредниот избор на наредниот судија дека едноставно се работи само за политички договори, а колку е тоа во интерес на судството и колку се овие најправите луѓе што ги избираме, ќе покажат колегите судии што ќе работат заедно со нив.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе.

Јас само накратко ќе реплицирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате право на реплика и ако реплицирате ќе ве прекинам.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ќе ми бире краток зборот претседателе, една минута, нема да зборувам многу. Почитуваната претседателка на Републичкиот судски совет во своето

излагање или реплика кажуваше дека не можат сите судии да бидат од редот на луѓето кои работат во судот, согласно новите ветришта што дуваат во Републичкиот судски совет и убавите чувства кои сакаат да се презентираат и изборот на судии во Република Македонија преку ова Собрание, до мене така како што планира Републичкиот судски совет. Меѓутоа, сакам само едно прашање да поставам. Ако веќе не мора сите да бидат, зошто тогаш 80% од предлогот сепак, Републичкиот судски совет ги ставил како лица кои се вработени во судот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, една минута помина.

Повелете господине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе ја слично ќе зборувам од мое име, значи како пратеник. Можеби сега со ова што ќе го кажам се поистоветувам со останатите колеги, затоа што сакаме една работа да ја расчистиме. За мене лично не е проблем, што конкретниот предлог господинот Баланца доаѓа од таму од каде што доаѓа, поточно од Медицинскиот центар. За мене лично не претставува проблем кога се бира сдија, точно е тоа што го кажа претседателката на Републичкиот судски совет, не треба да е пракса да бираме само стручни соработници, судии и тн. Има место и за другите. Факт е дека не мора да значи ако некој работи во суд, па дури и да е судија, дека е подобар правник од оној што е секретар во Медицинскиот центар, особено кога зад него стои искуство. Тоа општо лично за мене, не е проблем.

Само да потсетам. Кај колегите за да се расчисти дилемата, прертседателот на Републичкиот судски совет госпоѓата Ленче Софрониевска, пред да биде претседателл, односно член на Републичкиот судски довет, беше адвокат, што не значи и не треба да значи дека не може да ја врши таа функција а уште помалку не мора да значи дека таа не може да биде судија.

Проблемот е во нешто друго. И колку да сака претседателот на Републичкиот судски совет со своето излагање да делува самоуверено, дека предлозите кои што ги доставаат денеска се чисто базирани само од искуството, од способноста на тие кандидати, не може да избега од она што е вистина. Вистината е таа, сурова и затоа е критикувана дека постојат партиски договарања не од страна на РСС, не од страна на госпоѓата Софрониевска, туку од страна на тие што гласаа. Тоа се

парламентарно мнозинство,  опозиција и тн. Значи постои договарањеи. Дури и таа како претседател на РСС, или како член на РСС, заедно со останатите нејзини колеги, ако и искрена ретко се наоѓа во состојба каде се врши притисок и каде што таа можеби лично или РСС не за некој кандидат под притисок од партиите. Поради тоа, ова што денеска опозицијата го зборува држи место и заради тоа почитуван претседателе точката 2 стана последна точка. И заради тоа почитуван претседателе имаме предлози кои што ќе ги гледаме во наредната точка, каде што ќе бираме јавни обвинители и заменици јавни обвинители, каде што пет не се предложени. Тоа е проблемот. Не е проблемот, јас бев тој лично кога се предлагаа судиите на РСС, кога лично кажав па и конкретно за претседателот на РСС дека се носи една тежина од тоа што постоеше одредено минато во нејзината работа во некакви партиски структури, во некакви кадровски комисии на СДСМ во некакви статутарни и дека тоа си носи терет и сомнеж. Не дека таа обавува партиска функција но дека таа партија каде што  имала некаков стаж во некакви комисии ќе врши притисок врз работата на РСС и тоа преку неа. Тоа е проблемт. Повторно ќе кажам, значи не е проблем дали некој има 30 години има искуство, или не, или дали работел во суд или не. И за ова претседателе треба посериозно да размислиме сите ние овде и на тој начин ако го преземеме укажувањето на Европската комисија, навистина треба сериозно да размислиме и за РСС, но и за сите нас да биде полесно да ги бираме судиите да немеме вакви расправии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски и заради тоа, јас се согласувам да имаме посебна седница  и да вршиме дискусија во врска со овие проблеми и мислам дека постои општ консензус дека се потребни длабоки реформи во судството да се оттрне од Парламентот бирањето да немаме вакви размислувања.

Господине Абдулаќим Адеми повелете имате три минути.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател.

И од претходниот говорник, но и од другите дискутанти се зборуваше за партизацијата на судовите. јас во ниеден од овие предложени кандидати за кои расправаме дене за Основниот суд во Дебар, не гледам некаде дека пишува дека е член на некоја политичка партија.

Доколку се види неговата биографија ќе констатираме дека тој 30 години работел во својата професија како правник и тоа седум години како адвокат. Доколку овој не е професионалец, ако ова не е стручно лице за да биде судија, не знам кој треба да биде друг.

Јас мислам дека не е добро за судството, за судскиот систем во Македонија, ние да разговараме на овој начин, но не е дибро за предлолжените кандидати. Затоа, јас би апелирал до сите пратеници да се прекинат овие дискусии и ние да се ангажираме сите заедно за да се изберат овие кандидати денес и да се ангажираме за реформите во судството. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Караџоски. Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

На господиное Адеми да му биде една работа јасна. Ако господинот Мухамед Баланца бил член на некоја партија, сигурен сум дека нема да беше предложен за судија. Затоа што според Законот за избор на судии не може да биде избран судија кој е член на политичка партија. Поточно, судиите не треба да бидат политички определени личности. Тоа не значи господине Адеми дека нема партиски притисоци и тоа не значи дека нема партиски влијанија. Не значи дека само членската книшка ви дава право да бидете партиски подобен. Тие што немаат партиски книшки далеку подобро ја работат работата отколку членовите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидсејќи никој не барта збор, го заклучувам претресот. Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Мухамед Баланца да биде избран за судија на Основниот суд во Дебар, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 57 гласале за, 3 воздржани, 9 против.

Констатирам дека Мухамед Баланца е избран за судија на Основниот суд во Дебар.

Отворам претрес по Предлогот Дамјан Илиевски да биде избран за судија на Основниот суд во Дебар.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Дамјан Илиевски да биде избран за судија на Основнио суд во Дебар го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 62 гласале за, 2 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Дамјан Илиевски е избран за судија на Основниот суд во Дебар.

Отворам претрес по предлогот Мерсим Марку да биде избран за судија на Основниот суд во Дебар.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Како и за претходниот судија во Дебар би сакал да ја запознаам јавноста кој го бираме за судија во Основниот суд во Дебар и тоа изборот е направен по огласот во Службен весник на Република Македонија бр. 18/2004 од 29.03.2004 година од пријавените девет кандидати се предлага кандидатот Мерсим Шикири Марку, стручен соработник во Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија подрачна служба Дебар. Роден е на 18.07.1963 година во Дебар. Основно и средно образование завршува во Дебар. На Правниот факултет во Приштина дипломира на 18.03.1987 година. Во 1990 година се вработува во Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија подрачна служба Дебар на работно место стручен соработник за следење на основните здравствени услуги во примарната здравствена заштита, каде и денес се наоѓа. Работните задачи со успех ги извршува. Има вкупно работен стаж од 14 години. Сега не знам останатите 8 кандидати кои што се пријавиле на огласот што биле тие, дали некј од нив бил можеби електроинженер или нкоја друга функција, но во секој случај ако господинот координатор на СДСМ ни кажуваше дека во нивниот избор секогаш се оди на квалитет и ако е ова квалитетот што може да се понуди, тогаш благодарам многу, тогаш да останеме на она што го кажувавме, едно е да се кажува, а луѓето гледаат она што се прави. И тоа мислам дека е многи поважното. Значи овој кандидат после ова што го прочитавме, а друго не можеме да прочитаме, за останатите 8 не знаеме ништо, тој е кандидатот за најдобар избор на коалицијата што е на власт. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Иванов имате збор.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Благодарам претседателе,

Сакам принципиелно да кажам. Да се биде судија е голема работа. Покрај тоа, што судијата треба да располага со големо знаење и искуство, пракса и тн. судијата треба да има и голем авторитет, тој што ќе го суди и ќе пресуди, тој човек треба да има во него доверба, во неговата правда, во неговиот углед, во авторитетот на тој човек. Тоа е исто како да имате доверба и во лекарот и во другите професии, но посебно во судството.

Според тоа, ние тука кога ќе дојде да се бира некој судија, предлог за избор, а веднаш на почетокот било од која страна, било од кога кога ќе се деморализира тој човек, кога ќе се нападне од сите страни, кога ќе се издејствува тука во Парламентот нечистите работи и тн., ние веднаш во стартот на тој судија му ги смалуваме можностите за доверба на народот во него.

Јас би предложил пред да дојде некој предлог овде од РСС во Парламентот на Комисијата за избор и именување, тука е присутна и позицијата и опозицијата да се расчисти со сите овие дилеми околу тие предлози, да се разговара отворено, трезвено, чесно, човечки, хумано и тн. и таму сите тие проблеми да се расчистат. Кога ќе дојде тука во Парламентот сепак ние да дадеме поддршка на еден човек кој треба утре да ја одредува судбината на граѓаните и на луѓето ние да го предложиме човекот кој ќе има чист образ и на кого ќе му го задржиме дигнитетот и авторитетот.

Мислам дека само кога ќе се расчистат сите дилеми, јас сум бил долго во Комисијата за избор и именување и знам дека таму ако навистина, се разоткријат некои негативни работи за личноста која што се предлага, тогаш и самиот Судски совет го повлекувал тој предлог. Според тоа, таа пракса треба да ја воведеме некако, за да не доаѓа тука во Парламентот до вакви моменти за секој предлог тука да се искажуваат сите негативности кои не можат да се проверат, кои можат да бидат и точни инеточни и кои можат да бидат и паушални и со самото тоа човекот пред јавноста, бидејќи овие седници се пренесуваат преку телевизија, со самото тоа човекот го доведуваме во многу непријатна состојба дотолку повеќе што тој човек не е тука, тој нема можност да се брани и би ве молел како претседател, го имате тоа право и да побарате од Комисијата за избор и именување, каде што има и од

позицијата и од опозицијата, ако е малку позицијата да ја појачаме во таа Комисија, сите овие дилеми таму да се расчистуваат. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот Мерсил Марку да биде избран за судија на Основниот суд во Дебар, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника. 58 гласале за, 2 воздржани и 6 против.

Констатирам дека Мерсил Марку е избран за судија на Основниот суд во Дебар.

Отворам претрес по предлогот Благородна Арангелова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Благородна Арангелова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци, го ставам на гласање.

Ве повикувам а гласаме.

За предлогот гласале 15 пратеника, 7 се воздржале, 44 против.

Констатирам дека Благородна Арангелова не е избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Отворам претрес по предлогот Лидија Ридова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лидија Ридова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 18 гласале за, 6 се водржани и 42 против.

Констатирам дека Лидија Ридова не е избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Отворам претрес по предлогот Флутурије Дервиши да биде избрана за асудија на Основниот суд во Кичево.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Флутурије Дервиши да биде избрана за судија на Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 62 пратеника, 12 гласале за, 6 воздржани и 44 против.

Констатирам дека Флутурије Девиши не е избрана за судија на Основниот суд во Кичево.

Отворам претрес по предлогот Љубица Колиќ да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје И - Скопје.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Љубица Колиќ да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје И - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 59 за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Љубица Колиќ е избрана за судија на Основниот суд Скопје И - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Ади Усеини да биде избран за судија на Основниот суд во Струга.

Молам кој бара збор?

Има збор г. Жарко Караџоски.

Повелете, само Ве предупредувам дека имате 4 минути до паузата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Доволни се.

Благодарам г. претседателе.

Бидејќи е ова последен кандидат ставен во дневниот ред, користам да го кажам тоа што и досега го зборувавме, а го користам и присуството на претседателот на Републичкиот судски совет.

Значи, она што денеска опозицијата го зборуваше, лично јас дека постои партиско договарање, еве се потврди со изборот на судии. Тоа што е за парламентарното мнозинство подобно, се гласа за. Тоа што не, се гласа против.

Сега ќе ја прашам претседателката на Републичкиот судски совет дали ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски Ве молам дискутирајте за предлогот Ади Усеини да биде избран за судија на Основниот суд.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ќе се вратам на предлогот.

Имам право на вовед, барем една минута.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате уште три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, имаме право како пратеници, со оглед да е тука присутен претседателот на Републичкиот судски совет да поставиме прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа на пратенички прашања.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, дали Републичкиот судски совет се водел од стручното искуство, од сето она што нам ни го достави овде за сите овие судии, за избраните и за неизбраните и за дотичниот овој последен Ади Шукри Усеини и може ли и таа и сите ние овде да бидеме свесни за тоа дека најмалку кога се гласа се гледа дали е некој стручен или е битно колку е приврзаник ваму или таму. Тука е тој проблем.

Значи еве, би било добро претседателката на Републичкиот судски совет да даде некое воведно излагање за овој дотичен, последен, за Ади Шукри Усеини, покрај ова што го има доставено, дали Републичкиот судски совет се водел од сето она што е потребно да се кандидира Усеини или ќе ни се случува вака да гласаме според некакви сопартиски уверувања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

(Збор бара пратеникот Џевдет Насуфи).

Господине Насуфи, ќе можете ли за една минута?

Нема да можете.

Објавувам пауза, почнуваме во 14,00 часот бидејќи е сега 13,00 часот, а репликата г. Насуфи по паузата.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата и претставниците на точката што е на дневен ред, односно претседателот на Републичкиот судски совет.

Го молам претседателот на Републичкиот судски совет да влезе во салата.

Бидејќи претседателот е тука, можеме да продолжиме.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да пристапиме кон гласање.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги известувам пратениците дека 10-те минути за кворум течат.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници во салата, а после тоа влегуваат и други пратеници).

Ги молам службите уште еднаш да го проверат бројот.

(Службите повторно го утврдуваат бројот на присутните пратеници во салата).

Имате 3 минути време Ве молам.

Бидејќи 10-те минути истекоа ги молам службите да го утврдат конечниот број.

Во салата има 62 пратеници.

Значи, предлогот Ади Усеини да биде избран за судија на Основниот суд во Струга го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 49 гласале за, 2 воздржани и 3 против.

Во салата се 62 пратеници.

Констатирам дека Ади Усеини е избран за судија на Основниот суд во Струга.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за разрешување на судии на Основниот суд во Велес.**

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Борис Чадлов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Велес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Борис Чадлов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Велес го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 52 за, 3 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Борис Чадлов е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Велес, по негово барање.

Отворам претрес по предлогот Трајче Ристов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Велес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Трајче Ристов да биде разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Велес го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 49 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Трајче Ристов е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Велес, по негово барање.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за избор на судии поротници на Основниот суд во Штип.**

Предлогот за избор на судии поротници Ви е доставен.

Отворам претрес?

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници на Основниот суд во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 54 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека за судии поротници на Основниот суд во Штип се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 7 - Предлози за именување јавни обвинители на Основните јавни обвинителства во Прилеп, Радовиш и Струмица.**

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Томе Неделковски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Прилеп.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Томе Неделковски да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 53 за, 2 воздржани, нема против.

Во салата беа присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Томе Неделковски е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Прилеп.

Отворам претрес по предлогот Лиле Стефанова да биде именувана за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Радовиш.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лиле Стефанова да биде именувана за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Радовиш го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 49 за, нема воздржани, нема против.

Бидејќи неколку пратеници излегоа, молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата имаме 64 пратеници.

Го повторувам гласањето.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата, како што реков, присутни се 64 пратеници.

Отворам претрес по предлогот Миле Петков да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Миле Петков да биде именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство од Струмица, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 гласале за, нема воздржан, еден против.

Констатирам дека Миле Петков е именуван за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Струмица.

**Минуваме на осмата точка од дневниот ред - Предлози за именување заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во Кочани, Прилеп, Радовиш, Свети Николе и Штип.**

Предлозите Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот Серафим Јанев да биде именуван за заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кочани.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Серафим Јанев, да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кочани, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, 48 за, еден воздржан, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Серафим Јанев е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кочани.

Отворам претрес по предлогот Мимоза Мрмеска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Прилеп.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Мимоза Мрмеска да биде именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Прилеп го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Мимоза Мрмеска е именувана за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Прилеп.

Отворам претрес по предлогто Душко Манев да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Радовиш.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Душко Манев да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Радовиш, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 26 гласале за, еден воздржан, 34 гласале против.

Констатирам дека Душко Манев, не е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Радовиш.

Отворам претрес по предлогот Стево Митевски да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Свети Николе.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Стево Митевски, да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Свети Николе, го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 61 пратеник, 58 гласале за, тројца воздржани, нема против.

Констатирам дека Стево Митевски е именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство на Свети Николе.

Отворам претрес по предлогот Методи Иванов да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Методи Иванов да биде именуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 58 гласале за, тројца воздржани, нема против.

Констатирам дека Методи Иванов е иемнуван за заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип.

Минуваме на деветтата точка од дневниот ред - Предлог на одлука за огласување судија на Апелационоит суд во Скопје.

Предлогот на Олдуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 57 за, двајца воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на десеттата точка од дневниот ред - Предлог на Одлука за огласување избор на судии на основните судии во Крива Паланка, Тетово и Радовиш.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претресот по текстот на предлогот на Одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 58 пратеници 56 гласале за, двајца воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

Минуваме на единаесеттата точка од дневниот ред - Предлог на Закон за изменување на Законот за заштита и спасување.

Го молам претставникот за овој предлог да влезе во салата.

Бидејќи претставникот не е тука, предлагам да преминеме на следната точка.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мислам дека ова веќе нема смисла.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Деловнички, ако не е претставникот на Владата тука, не дискутираме по точката. Значи деловнички никаде не е кажано дека јас морам да ја прекинам седницата.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакале да го кажаме нашето мислење.

Мислам дека после паузата, на некој начин, влегуваат и излегуваат пратениците, нема пауза. Затоа ако сметаат дека треба да работиме, нека си го направат кворумот, да дадеме пауза, па после кога ќе дојдеме да знаеме дека работиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали се согласувате без претставникот да ја поминеме точката, бидејќи и тоа може.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Тоа е крајно несериозен однос од Владата. Има постапка, ни се достави материјалот и сега ги нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас Вас потполно ве разбирам, но јас тука не можам да влијаам. Единствено како Собрание да упатиме еден апел, или се знае кој е системот за да можеме да работиме.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Еве, ние сме тука, го правиме кворумот, не сакаме да излеземе, да испадне да нема кворум, меѓутоа претставниците на Владата ги нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали сакаме да расправаме без претставникот, ја прашувам опозицијата затоа што е краток овој Закон?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Минуваме на дванаесеттата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за ратификација на Протоколот од КЈОТО кон рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени, со предлог на Закон.

**Предлогот за донесување на Закон со предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.**

Отворам претрес по предлогот за донесување на Закон.

Ве молам кој бара збор?

Повелете г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине Претседателе.

На кратко би сакал да се  задржам и да го повикам министерот јавно да искаже некои работи кои, мислам, во законскиот проект не се дадени. Мислам дека ќе биде добори  и за македонската јавност и комплетно за пратениците, да бидат запознаени со дел од овие прашања.

Климатските промени се едни од најбитните прашања кои се поставуваат, сигурно со секакво право, како приоритет на секој поважен меѓународен собир. Тоа доаѓа и од општо прифатениот став дека токму климатските промени ќе бидат современиот проблем на 21-иот век.

Исто така, треба да се напомене дека ние како држава која тежнее да стане членка на Европската унија, треба да сме свесни за огромното значење што им се придава на климатските промени и проблеми и воведувањето на законодавството кое детално ја обработува оваа проблематика. Но, од овој предлог никаде не се гледа дали е дел од законодавството кое треба да се усогласи со она на Европската унија, или тоа е обврска која е наметната од нашето членство во Обединетите нации. Исто така, не е незначајно дали и како и дали воопшто оваа проблематика е регулирана во законите на Европската унија и законите на нејзините членки. Тоа е многу значајно за една држава како нашата која тежнее што побрзо да стане членка во Европската унија.

Исто така, никаде во Предлогто за ратификација на КЈОТО Протоколот не е назначено дали сите членки на Европската унија, 25  го ратификувале, или што е уште поважно за нашата држава дали земјите кандидати за членство во Европската унија со кои ние се идентификуваме во нашите аспирации за членство во Европската унија, како што се Бугарија, Романија и Хрватска, го имаат ратификувано овој Протокол и какви последици има ратификацијата во односите со САД кои сеуште како светска сила не го прифаќаат овој Протокол, или сеуште го нема потпишано.

Што се однесува по текстот на образложението за потребата од ратификација на овој Протокол, е многу непотполна и може да се каже со огормни празнини, како што се на пример забелешките во врска со обврските што ќе ги преземе Република Македонија, кои се поврзани со рокови, кои реално погледнато, произведуваат проблеми кои треба да се разрешат пред ратификување на еден ваков Протокол. Тука многу пати досега, и во пратенички прашања и во она што значеше анализа и разгледување на ситуацијата во Република Македонија, повторно

би го спомал РЕК Битола, бидејќи дел од емисијата на овие гасови токму тука ќе треба да се регулира, затоа што знаеме, еве, следи приватизација, дали сето тоа ќе биде вметнато во договорите кои понатаму Република Македонија стратешки ќе ги склучува со нашите соседи, или воопшто за оние што ќе треба понатаму да бидат во владение на ЕСМ.

Министерот за животна средина мора, впрочем има и обврска, сите овие забелешки јавно и лично да ги образложи на седницата заради важноста на обврските кои овој Протокол ги произведува за нашата држава, како и јасно искажаниот концензус за приближување и влегување на Република Македонија во Европската унија. Со тоа да го образложи начинот преку кој Република Македонија треба да го спроведе истиот, како и последиците кои ќе ги трпи државата до ратификацијата, или од одбивањето да го ратификува КЈОТО Протоколот. Со ова треба да ја запознаеме македонската јавност, што тоа значи за Република Македонија, кои се нашите обврски, што од тоа превземаме како обврска и што понатаму, ќе бидеме одговорни пред европската иницијатива и Европската унија за она што значи наша емисија на гасови и емисија која непосредно се зрачи кај нашите соседи или пак нивното зрачење на наша територија. Како сето тоа ќе биде регулирано? Мислам дека е тоа доста интересно како тема. Министерот сигурно е подготвен да ги одговори овие прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за животна средина и просторно планирање.

Повелете г-дине Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Голем дел од прашањата што ги постави г-динот Мавровски се одговорени на големиот број работилници што Министерството за животна средина и просторно планирање ги спроведе токму од аспект на она што значеше една хипотека дека КЈОТО Протоколот односно усвојувањето на КЈОТО Протоколот ќе претставува обврски односно Република Македонија ќе си презеде обврски при спроведувањето на овој КЈОТО Протокол.

КЈОТО Протоколот, всушност е еден практичен механизам за конвенцијата за климатски промени која Република Македонија ја има потпишано уште во 1997 година, а според која си презема обврски за намалување на стакленичките гасови, за кои знаеме каков е нивниот ефект врз глобалното затоплување. Всушност КЈОТО Протоколот е еден практичен механизам според кој се распределуваат рамномерно обврските на развиените земји и земјите во развој. Развиените земји, се разбира

дека се земји од листата на Анекс -А листата  кои имаат големи обврски во однос на намалување на емисиите на стакленичките гасови.

Република Македонија е земја во развој и се разбира дека со усвојувањето на КЈОТО Протоколот овие обврски што би ги имала Република Македонија се незначителни односно во едни детални истражувања, во овој момент се никакви.

Меѓутоа, што е суштината на донесувањето на КЈОТО Протоколот?

За да не постојат вакви хипотеки, Министерството одржа работилници на кои присуствуваа еминентни стручњаци, експерти, претставници од институции како што се МАНУ, ЕСМ, приватни стопанственици, невладин сектор, државни институции токму да се даде целосна поддршка на пристапување на Република Македонија односно ратификување на КЈОТО Протоколот. Токму од таа работилница произлезе една општа поддршка на Министерството за животна средина да поведе процедура за ратификација на КЈОТО Протоколот.

Инаку КЈОТО Протоколот е прифатен од земјите на ЕУ и ратификуан, точно е дека не е прифатен од САД и Русија, бидејќи тие според овој Протокол преземаат големи обврски, меѓутоа, притисокот на нивното прифаќање на овој Протокол е голем и се разбира во скоро време истиот ќе биде прифатен.

Значи, обврските на Република Македонија  со прифаќањето на КЈОТО Протоколот се незначителни, бидејќи влијанието на намалувањето на емисиите од страна на Република Македонија  е во овој степен на развој на истата се никакви, би рекол, меѓутоа, од друга страна се отвора друга можност која ќе произлезе како придобивка на Република Македонија  од потпишувањето и ратификувањето на овој Протокол.

Се разбира, согласно механизмот за чист развој се отвора можност за инвестиции во Република Македонија  на земји држави кои се потписници на овој Протокол и кои имаат обврска за намалување на емисиите односно тргување со емисиите.

Со инвестиции во други, во трети држави, бидејќи тие инвестиции во овие држави се помали, тие ги намалуваат односно ги откупуваат своите емисии, а земјата каде се врши инвестирањето добива чиста технологија со која посредно влијае на намалувањето на своите емисии на стакленички гласови.

Значи, со потпишувањето на КЈОТО Протоколот Република Македонија само добива, а никако не губи. Тоа е елаборирано во стручните трудови од страна на експертите кои присуствуваа на оваа работилница што се одржа во февруари 2004

година, а исто така и од ЕСМ, од МАНУ и со една таква поддршка Министерството за животна средина и просторно планирање пристапи кон усвојување и ратификација на овој Протокол.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Томе Тромбев, а нека се подготви пратеникот Слободан Даневски.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас сметам дека ова е многу значајна ратификација на многу значаен документ кој денеска го имаме на дневен ред.

Протоколот од КЈОТО е еден меѓународен документ кој во претходниот период предизвика голем број полемики, дилеми во меѓународната јавност, прифаќање или неприфаќање од различни држави и неговата основа, тој може посебно да стои како меѓународен документ, меѓутоа, лимковски е поврзан со Рамковната конвенција за климатски промени. Принципите на кои се заснива Протоколот од КЈОТО се засноваат на принципите на Рамковната конвенција за климатски промени.

Оваа Рамковна конвенција е донесена 1997 година, донесена е од ова Собрание токму во очи на почетокот Конференцијата во КЈОТО каде е усвоен овој Протокол и тоа беше сигналот што Република Македонија го прати до меѓународната јавност, а посебно до страните на таа конференција дека Република Македонија се вклучува во глобалната коалиција за климатските промени.

Се разбира, ова беше малку задоцнета ратификација затоа што Рамковната конвенција е усвоена во Рио 1992 година, почна да делува 1994 година, меѓутоа, со оглед на тоа што Република Македонија имаше политички проблеми во тој период со осамостојувањето, немаше капацитети во самото Министерство, затоа се задоцни со нејзината ратификација, меѓутоа, во 1997 година, како што кажав, таа е ратификувана и една од обврските што ја воспостави таа Рамковна конвенција беше изготвување на национален извештај за климатските промени, согласно самата конвенција. Република Македонија тоа го направи и верувам министерот заборави да го каже, меѓутоа, минатата година до ОН е доставен првиот Нациоален извештај за климатските промени од Република Македонија каде се инвентаризирани состојбите околу емисиите на гасовите, на стакленичките гасови и тоа во Република

Македонија конкретно на три вида гасови, тоа се $CO_2$-јаглен двооксид, метанот и дијазот оксидот.

Според овој Национален извештај интересно е да се каже дека најголемата емисија 70% произлегува од енергенсите кои се користат при производство на електрична енергија, значи јагленот, нафтата, енергенсите кои се користат за производство на топлинска енергија и нормално енергенси кои се користат од согорување во возилата, т.е. од транспортот.

Инаку, во оваа прилика би сакал да кажам дека KJOTO Протоколот сеуште не е влезен во функција иако го имаат ратификувано 123 земји, меѓутоа, процентот, согласно членот 25 од самата Конвенција е пропишано развиените земји кои имаат емисија од 100%, треба да потпишат во толкава количина која ќе достигне 55% од вкупната емисија на развиените земји. Се разбира, тоа не е направено, моментално имаат потпишано држави кои имаат емисија од 44,2% така што сеуште оваа Конвенција не е во функција. Меѓутоа, нејзините механизми функционираат, министерот го напомна најважниот механизам кој е битен за Република Македонија, тоа е механизмот за чист развој, го објасни принципот на механизмот на чистиот развој, па во оваа прилика би сакал да кажам дека и во оваа Конвенција се востановени уште два други механизми кои не се предмет на опсервација на Република Македонија тоа е тргувањето со емисиите и заедничката имплементација на проекти од развиените земји, меѓутоа, тука е интересот на тие земји во развој.

Понатаму во 2001 година во Марекеш е одржана конференција и постигната е спогодба со која спогодба се операционализирани делови од овие механизми, операционализирани се целиот KJOTO Протокол, поставен е на многу пооперативни основи така што бенефициите кои овој KJOTO Протокол ги носи Република Македонија за зголемување на бројот на инвестициите, инсталирање на нови технологии еколошки прифатливи кои од друга страна ќе имаат рефлекси во различните сектори во Република Македонија особено во здравствениот сектор каде се очекува намалување на трошоците кои се издвојуваат за лекување на граѓаните.

Во оваа прилика би сакал да кажам дека минатата недела Друштвото на движењето на екологистите на Република Македонија покрена акција за подигање на јавната свест во Република Македонија околу борбата против климатските промени, незнам дали некој од вас присуствувал во Жена парк минатата недела беше поставен Карбон диносаурус, тоа е една активност на пријателите на планетата земја невладина европска организација која работи на подигање на јавната свест и

прифаќање на Рамковната конвенција за климатски промени во цела Европа.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Тромбев.

Повелете господине Даневски, имате збор.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Сигурно дека постои расположение во Република Македонија од сите невладини т.е. владини организации да го поддржат овој Протокол од Кјото, сигурно и ние во Парламентот постои општо расположение дека ќе го поддржиме, но нема никакво оправдување зошто се доцни. Тоа требаше да се направи многу одамна затоа што ако беше направен и ратификуван во Парламентот ние ќе бевме корисници на она што значи чист развој, и ќе бевме потрошувачи на огромни средства кои и требаат на Македонија во делот на екологијата. Знаеме дека се работи за стакленичките гасови, се работи за три, да не ги набројувам, но она што стои е дека Република Македонија во овие изминати години изгуби големи средства затоа што самиот протокол е обврзувачки, ние во дадениот момент ќе користиме средства за еколошки проекти, но потоа кога ќе влеземе и ќе бидеме потписници, кога ќе го ратификуваме овој протокол од Кјото ние ќе треба да издвојуваме пари за идните членки на земјите во развој.

Ова го зборувам затоа што ние тука во Парламентот многумина зборуваме и се повикуваме на тоа дека САД нам ни се стратешки партнери. Можеби се тактизираше и сега одеднаш ние го потпишуваме договорот, но да размислат пратениците да не ги влошиме односите со САД затоа што се што доаѓа од САД ние анблок прифаќаме. Сега САД го нема потпишано, па немој да направиме грешка, да ја погрешиме политиката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Реплика од господинот Тромбев, повелете 3 минуто.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Не би сакал да го демантирам господинот Данвски, меѓутоа би сакал да кажам можеби во мојата дискусија не го опфатив, Република Македонија не е во иста ситуација како САД, бидејќи САД се наоѓаат на анексот 1 од листата каде се 45 држави кои се најголеми загадувачи во светот. За нив има посебен режим додека

сите други држави што не се влезени во анексот има многу полиберален режим и се сметаат како земји со економии во транзиција.

Инаку, во тие 45 држави како што кажав се вбројуваат и дел од нашите соседи како што е Хрватска, Бугарија, Романија и за одговор на господинот Мавровски, веќе ја имаат ратификувано Конвенцијата освен Хрватска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред да му предложам на Собранието да го усвои заклучокот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

Во салата се присутни 56 пратеника, ги молам пратениците кои се во клубот, во ходниците, да влезат внатре.

Десетте минути течат.

Мислам дека сме 61, но да бидеме сигурни ве молам да ги изброите повторно.

Сега ни фалат двајца.

Имаме уште 5 минути од 10-те.

Ако не дојдат пратениците ќе ја прекинам седницата.

Сега во салата сме присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Протоколот од Кјото кон Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатски промени.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 57 за, еден воздржан, против нема, а во салата се не помалку од 62-ца пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закнот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Гласале 60 пратеници, за гласале 60, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 13: Предлог за донесување на закон за ратификација на амандман на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасниот отпад и негово одлагање и амандман на Анекс 1, Анекс 8 и Анекс 9 со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на амандман на Базелската конвенција за контрола на прекуграничното пренесување на опасниот отпад и негово одлагање и амандман на Анекс 1, Анекс 8 и Анекс 9.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 54 прареници, 54 гласале за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Бидејќи пред да поминеме на гласање, сега сме 60 пратеници, затоа што Коце Трајановски меѓувреме излезе.

Во салата се присутни 59 пратеници.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеинци)

Ги молам пратениците кои пред малку излегоа да влезат во салата.

Бидејќи истекоа 10 минути ги молам службите да го утврдат точниот број на присутните пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Во салата се присутни 59 пратеници, значи нема кворум и затоа тука ја заклучувам седницата.

Продолжуваме со работа утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,15 часот)